Со чиста совест, искрено и без принуда, под морална и материјална одговорност ја давам следната изјава во форма на ДЕКЛАРАЦИЈА.

Јас, _______________________________ од татко _______________ и мајка ____________________

со адреса _____________________________, град ___________________, по етнос ________________

вера _______________________ кон/тел._____________________ мејл_________________________

**ЗНАЕЈЌИ** дека Македонската православна црква - Охридска архиепископија е Апостолска црква со преемество од Светиот Апостол Павле,

**ЗНАЕЈЌИ** дека Македонската православна црква - Охридска Архиепископија е една и единствена легална и легитимна канонска наследничка на древната автокефална Охридска архиепископија патријаршија и Јустинијана Прима,

**ЗНАЕЈЌИ** дека Македонската православна црква е помесна автокефална црква која претставува дел од Едната Света Соборна и Апостолска Црква, а

**ЗАГРИЖЕНИ** за името, статусот и достоинството на Македонската православна црква - Охридска архиепископија,

**НИЕ**, Македонците по род и државјанство, Ние, верниците во Македонската православна црква - Охридска архиепископија, прокламираме

**ДЕКЛАРАЦИЈА**
**ЗА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА - ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**

**(1)** Го отфрламе секој обид на Светиот архиерејски синод и на Црковно-народниот собор за промена на Уставот на Македонската православна црква - Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) со цел промена на нејзиното име, статус и достоинство, како велепредавство на МПЦ-ОА, Македонскиот народ и државата Македонија!

**(2)** Отфрламе било каква промена на титулата на поглаварот на МПЦ-ОА во односите со секој и со сите, во светот и татковината, освен Архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима, кој сеословува со Ваше Блаженство.

**(3)** МПЦ-ОА е еден и единствен сопственик на сите цркви и манастири во државата Македонија. Сите цркви и манастири во државата Македонија се под јурисдикција на МПЦ-ОА.

**(4)** Отфрламе име за внатрешна и име за надворешна употреба на МПЦ-ОА.

**(5)** Македонските православни епархии надвор од границите на државата Македонија може да бидат само под јурисдикција на МПЦ-ОА.

**(6)** Нема да дозволиме македонска црква и манастир во државата Македонија да стане ставропигијален на друга црква.

**(7)** Отфрламе евхаристиска заедница и канонско единство на МПЦ-ОА со Православната црква на Украина под јурисдикција на Цариградската патријаршија.

**(8)** И покрај сите разлики и историски хипотеки, сметаме дека македонското црковно прашање е затворено со патријаршкиот и соборски Томос за автокефалност на Македонската православна црква - Охридска архиепископија од Српската православна црква - Печка патријаршија од 5 јуни 2022 година.

**(9)** Го повикуваме Светиот архиерејски синод на единство во одбрана на името, статусот и достоинството на МПЦ-ОА.

**(10)** Предупредуваме дека никој нема право да го менува името, статусот и достоинството на МПЦ-ОА, бидејќи тоа е антихристијански и антиисториски!

ДЕКЛАРИРАЛ

______________________

Потпис/име и презиме

*Давам согласност да се користат личните податоци согласно законот за лични податоци